# PROJECT FACTSHEET

Funded by the European Union

**Дипломатска програма на ЕУ за регионот за проширување**




**Duration:** 21.10.2024 - 08.02.2028

**Countries:**

Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија, Црна Гора

**EU contribution:** € 2 471 008

**Total budget:** € 2 471 008

**Implementer:**

College of Europe

**Project description:**

„Дипломатската програма на Европската Унија“ (EUDP) е петмесечна резиденцијална програма чија цел е унапредување на знаењата и вештините на дипломати и државни службеници од земјите од регионот за проширување (Албанија, Босна и Херцеговина, Грузија, Косово, Република Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, Украина и Турција) во областа на надворешното дејствување на ЕУ и процесот на пристапување кон Европската Унија.

Програмата ќе се спроведува до 2028 година, во рамки на шест изданија, при што ќе бидат обучени до 90 дипломати и државни службеници. Секое издание ќе опфати до 15 учесници, со што вкупно до 90 лица ќе имаат корист од програмата.

Програмата за секој циклус е структурирана на следниот начин:

1. Првите четири месеци се посветени на настава во училница и студиски посети на седиштето на Европската служба за надворешно дејствување (ЕЕАС), како и на други институции и тела на Европската Унија и земјите членки, релевантни за надворешното дејствување на ЕУ и Заедничката надворешна и безбедносна политика. Во овој период се предвидени и заеднички активности со групата ЕУДА, како и други придружни активности.

**Expected results:**

• До 90 млади дипломати и службеници од земјите од регионот на проширување се обучени во областа на надворешното дејствување на Европската Унија и процесот на пристапување кон ЕУ.
• Спроведена е програма за обука на дипломати на почетно ниво во областа на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ и процесот на пристапување кон ЕУ, со интегрирана родова перспектива.
• Воспоставена и понатаму развиена е мрежа на поранешни учесници – дипломати и службеници од земјите од регионот на проширување.